Врз основа на член 24 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 35/08, 103/08, 26/09, 83/09 и 99/09) и Одлуката на Владата на Република Македонија, бр. 51-1038/1 од 23.02.2010 за одобрение за вршење вискообразовна дејност на странската високообразовна установа Френклин Универзитет, Охајо, Соединети Американски Држави, на територијата на Република Македонија,

**Френклин Универзитетот**

објавува

# К О Н К У Р С
## ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ НА ПОСЛЕДИПЛОМСКИ СТУДИИ ПО БИЗНИС АДМИНИСТРАЦИЈА (MBA) НА ФРЕНКЛИН УНИВЕРЗИТЕТОТ

На последипломските студии по бизнис администрација (MBA) можат да се запишат кандидати што завршиле академски универзитетски студии од прв циклус, односно додипломски студии во траење од четири години.

**Документи за пријавување**

1. пријавен лист
2. уверение за државјанство
3. диплома или уверение за завршени додипломски студии, односно прв циклус на универзитетски академски студии
4. потврда за познавање на англиски јазик (TOEFL, IELTS- доколку кандидатот не поседува потврда за познавање на англискиот јазик, се врши проверка на степенот на познавање на јазикот преку интерен тест спроведен од страна на Френклин универзитетот)
5. мотивациско писмо

**Рок за пријавување:** 5 март 2010 – 31 март 2010 година

Последипломските студии по бизнис администрација (MBA) ќе се реализираат од страна на Френклин универзитетот во соработка со Универзитетот “Св. Климент Охридски“ Битола, според студиска програма на Френклин универзитетот и правила на студирање што важат во САД. Наставата ќе се реализира на англиски јазик во просториите на Економски факултет – Прилеп. По завршувањето на студиите кандидатите добиваат американска диплома од овој универзитет.

**Напомена:** Владата на Р.Македонија и Френклин Универзитетот обезбедуваат стипендии за одреден број кандидати.

Документите се поднесуваат до Економски факултет – Прилеп, административна служба за втор циклус на студии. Адреса: ул. “Ѓорче Петров“ бб, 7500 Прилеп

**Информации:**

тел. 048 427 020 лок. 158; 047 223 192; 047 223 788 лок.123

www.uklo.edu.mk